Врховниот суд на Република Северна Македонија, на Општа седница одржана на ден 27.12.2023 година, согласно член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите и член 63 став 1 од Деловникот на Врховен суд на Република Северна Македонија, одлучувајќи по иницијативата за утврдување на начелен став и начелно правно мислење, поднесена од адвокат Кирил Стојановски преку адвокатско друштво Апостолски од Скопје, заведена под СУ-03.бр.895/21 од 06.12.2021 година, го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

Иницијативата за утврдување на начелен став и начелно правно мислење, поднесена од адвокат Кирил Стојановски преку адвокатско друштво Апостолски од Скопје, заведена под СУ-03.бр.895/21 од 06.12.2021, НЕ СЕ УСВОЈУВА.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите,(„Службен весник на РМ" бр. 58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и198/18 и „Службен весник на РСМ" бр.96/19), Општата седница на Врховен суд на Република Северна Македонија, на ден 27.12.2023 година расправаше по барањето за донесување на начелен став и начелно правно мислење поднесена од адвокат Кирил Стојановски преку адвокатско друштво Апостолски од Скопје, заведена под СУ-03.бр.895/21 од 06.12.2021 година.

Во иницијативата се предлага Врховниот суд на Република Северна Македонија да утврди начелен став и начелно правно мислење со образложение. Подносителот образложува дека со Законот за изменување и дополнување на Законот за стечај кој е на сила од 08.06.2013 година, воведен е нов член 93-а, во рамките на постапување на стечајниот управник по парниците и дека целта на оваа законска одредба е пренесување на функционалната надлежност на стечајните судии да постапуваат по парниците кои ќе се поведат во врска со оспорените побарувања на доверителите и побивање на правните дејствија. Во иницијативата се наведува дека во споровите кои ќе настанат во врска со утврдување на оспорените побарувања, како и за побивање на правни дејствија во стечајна постапка во која суди стечајниот судија кој ја отворил стечајната постапка како судија поединец, односно претседател на совет кога тоа е дозволено со Законот за парничната постапка, против правосилна пресуда донесена во втор степен странките можат да изјават ревизија во рок од 15 дена од денот на доставувањето на препис на пресудата. Понатаму, во иницијативата се наведува дека идејата на законодавецот со наведените измени е да се нагласи итноста на стечајната постапка и за таа цел се скратени сите рокови за преземање на процесни дејствија – рокот за жалба е 8 дена, второстепениот суд е должен да донесе одлука по поднесената жалба во рок од 15 дена од приемот на жалбата. Според подносителот на иницијативата, надвор од пропишаните основи не е предвидена примена на член 93-а од Законот за стечај. Во предмети каде што една од странките е во стечај, или стечајот бил отворен додека е во тек друга судска

постапка, а основите не се од член 93-а став 1 од Законот за судовите, нема основ за примена на овој член, бидејќи за примена на овој член релевантен е основот на тужбата, а не статусот на странката. Во иницијативата приложени се одлуки од судска пракса на Врховниот суд на Република Северна Македонија и тоа Рев2.бр.369/20, Рев1.бр.131/20, Рев2.бр.375/21.

Поради судска пракса во предметите на кои се повикува во иницијативата, подносителот предлага да се прифати иницијативата и да се утврди начелно правно мислење.

Од анализата на одлуката Рев2.бр.369/20 произлегува дека овој суд одлучувал мериторно по изјавената ревизија, поради тоа што стечајната постапка над должникот е отворена со Решение на Основен суд Скопје II Скопје Ст. бр. 86/12 од 22.08.2012 година, пред влегување во сила на Измените на Законот за стечај (Сл.в. бр.79 од 31.05. 2013), па согласно со чл.78 од Законот за стечај, стечајните постапки отворени до влегување во сила на Измените на Законот за стечај ќе се завршат по стариот закон.

Во одлуката по предметот Рев1 бр.131/20, овој суд исто така одлучувал мериторно по изјавената ревизија, поради тоа што стечајната постапка над тужениот е отворена со Решение на Окружниот стопански суд од 26.06.1996 година, а претходно била отворена со Решение на Окружниот стопански суд од 22.11.1995 година, што значи пред влегување во сила на Измените на Законот за стечај (Сл.в. бр.79 од 31.05. 2013), па согласно со чл.78 од Законот за стечај, стечајните постапки отворени до влегување во сила на Измените на Законот за стечај ќе се завршат по стариот закон.

Во одлуката по предметот Рев2 бр. 375/21 овој суд ревизијата ја отфрлил како ненавремена со примена на член 93-а од Измените на Законот за стечај (Сл.в. бр.79 од 31.05. 2013), а поради тоа што стечајната постапка над тужениот е отворена со Решение на Основен граѓански суд Скопје Ст.бр.123/20 од 14.08.2020, што значи по влегување во сила на Измените на Законот за стечај (Сл.в. бр.79 од 31.05. 2013).

Од анализата на приложените одлуки на овој суд, се констатира дека не станува збор за нееднинствена примена на законите и невоедначеност на одлуките на советите, туку се работи за различни предмети во кои навременост на ревизијата се цени согласно времето кога е отворен стечајот. Во случаевите каде стечајот е отворен пред влегување во сила на Измените на Законот за стечај (Сл.в. бр.79 од 31.05. 2013), во смисла на одредбата од член 78 од Законот за стечај, стечајните постапки отворени до влегување во сила на Измените на Законот за стечај ќе се завршат по стариот закон. Во предметите во кои стечајот над една од странките е отворен по влегување во сила на Измените на Законот за стечај (Сл.в. бр.79 од 31.05. 2013), во смисла на чл.93-а ст.5, рокот за изјавување на ревизија е 15 дена. Според ова не се констатира постоење на различна судска пракса и не постои нееднинствена примена на законите.

Подносителот на барањето нема доставено други судски одлуки од кои може да се утврди дека станува збор за нееднинствена примена на законите.

Во член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите е определено дека Врховниот суд на Република Северна Македонија на Општа седница утврдува начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единството со примената на законите од страна на судовите во рок од три месеци, но не подолго од шест месеци по сопствена иницијатива или по иницијатива на претседател на суд или по иницијатива на седниците на судиите или судските оддели од судовите или по иницијатива на адвокати и ги објавува на веб страницата на Врховниот суд на Република Македонија.

Во смисла на цитираната законска одредба Општата седница на Врховен суд на Република Северна Македонија, постапувајќи по наведената иницијатива, оцени дека во конкретниот случај не произлегува потреба да се утврди начелно правно мислење бидејќи нема невоедначена примена на закон, поради што донесе Заклучок со кој иницијативата не се усвојува.

Врховен суд
на Република Северна Македонија
Општа седница

Врховниот суд на Република Северна Македонија, на Општата седница одржана на 27.12.2023 година, согласно член 37 став 1, алинеја 1 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр. 58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/19), член 63 став 1 и 2, член 65 став 1 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, одлучувајќи по Иницијативата на адвокат Тони Петровски од Гостивар, за утврдување на начелен став односно правно мислење, заведена под Су-03 бр.747/23 од 02.11.2023 година, го усвои следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

Иницијативата за утврдување начелен став и начелно правно мислење поднесено од адвокат Тони Петровски од Гостивар, под Су-03 бр.747/23 од 02.11.2023 година, НЕ СЕ УСВОЈУВА.

**Образложение**

Врз основа на член 37 став 1 точка 1 од Законот за судовите, адвокат Тони Петровски од Гостивар поднел иницијатива заведена под Су-03.бр.747/23 од 02.11.2023 година, со предлог Општата седница да утврди начелен став односно правно мислење по правното прашање: Дали кога ќе се запре кривичната постапка или кога ќе се донесе пресуда со која обвинетиот се ослободува од обвинението или со која се одбива обвинението, и во решението односно во пресудата ќе се изрече дека трошоците на кривичната постапка паѓаат на товар на Буџетот на Република Северна Македонија, нужните издатоци и наградата на ангажираниот бранител во постапката, треба да бидат досудени на обвинетиот или на ангажираниот бранител од негова страна или тоа ќе зависи од конкретен случај, а при тоа во предвид да се има дали е доставен доказ за платена адвокатска услуга.

Според подносителот на иницијативата, постои долгогодишна различна пракса на судовите во Република Северна Македонија во врска со досудувањето на трошоците на кривичната постапка за висината на истите и особено, на кого треба да му бидат досудени трошоците, на обвинетиот или на неговиот ангажиран бранител.

Подносителот на иницијативата наведува дека е забележено различно толкување на законските одредби од страна на Основен суд Гостивар, Апелационен суд Гостивар и Кривичниот совет на Основен суд Гостивар, така што некаде трошоците на постапката се досудуваат на обвинетиот, во некои ситуации на бранителот, во некои ситуации се определува да бидат досудени на обвинетиот, а во продолжение на одлуката на бранителот. Со ваквото постапување и невоедначена судска пракса се предизвикува правна несигурност и се овозможува неосновано збогатување на

застапуваните лица, а од друга страна, во ситуации каде трошоците се досудени на бранителот, во постапката за извршување се бара полномошно од застапуваното лице.

Овој заклучок подносителот на иницијативата го извлекува од анализа на одлуки донесени од Основен суд Гостивар и тоа: К-220/16 од 09.03.2020 година, К-799/21 од 08.11.2022 година, К-682/20 од 04.08.2022 година, К-651/20 од 07.11.2022 година, К-508/20 од 27.04.2023 година, К-102/21 од 30.03.2022 година, К-395/2021 од 01.12.2022 година, К-395/2021 од 12.09.2023 година, К-491/2020 од 12.09.2023 година и одлука на Апелационен суд Гостивар КЖ-109/23 од 20.09.2023 година, кои ги доставува како прилог на поднесената иницијатива, во фотокопија.

Дека постои различно постапување, подносителот во својата иницијатива наведува, дека бил информиран и од бранители од Тетово, Прилеп и Скопје, кои исто така поради невоедначената судска пракса биле доведени во дискутабилна инфериорна состојба и правна несигурност, за наплата на трошоците и неможност во иднина да биде договорена висината на наградата со што и се спречувало нивното право на работа и заработка и сигурна одбрана на застапуваните лица.

Од горенаведените причини подносителот на иницијативата предлага Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, да утврди Начелно правно мислење во врска со досудувањето на трошоците за награда на бранителот, кога тие паѓаат на товар на буџетските средства, повикувајќи се на одредбите од член 103, член 106 и 107 од ЗКП.

Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 150/2010, 100/2012, 142/2016, 193/2016 и 198/2018), трошоците во кривичната постапка ги уредува во глава X, во членовите од 102 до 109.

Согласно член 102 став 1 од Законот за кривичната постапка, трошоците на кривичната постапка се издатоците направени по повод кривичната постапка, од нејзиното поведување до нејзиното завршување и издатоците за преземени истражни дејствија пред истражната постапка. Во став 2 од истиот член е предвидено дека трошоците на кривичната постапка, меѓу другото опфаќаат и награда и нужни издатоци на бранителот.

Согласно член 103 од Законот за кривичната постапка во секоја пресуда и решение со кое се запира кривичната постапка ќе се одлучи кој ќе ги поднесува трошоците на постапката и колку изнесуваат тие.

Член 106 од Законот за кривичната постапка се однесува на одлучувањето за трошоците при запирање на кривичната постапка и при донесување на ослободителна или одбивателна пресуда. Согласно оваа одредба кога ќе се запре кривичната постапка или кога ќе се донесе пресуда со која обвинетиот се ослободува од обвинението или со која се одбива обвинението, во решението, односно во пресудата ќе се изрече дека трошоците на кривичната постапка од членот 102 став (2) точки 1, 2, 3, 4, 5 и 6 на овој закон, нужните издатоци на обвинетиот, како и нужните издатоци и

наградата на неговиот бранител, паѓаат на товар на Буџетот на Република Македонија, освен во случаите определени во ставовите (2), (3), (4) и (5) на цитираниот член.

До Врховниот суд на Република Северна Македонија подносителот на иницијативата доставил одлуки на Основен суд Гостивар и една укинувачка одлука на Апелационен суд Гостивар за примена на Адвокатската тарифа при пресметувањето на трошоците, но не и одлуки од другите судови во Република Северна Македонија од кои би произлегла различна судска пракса за конкретното правно прашање и потребата од донесување на начелен став и начелно правно мислење по однос на истото, а како би се обезбедила единствена примена на законот од страна на пониските судови во врска со погорецитираните законски одредби.

Носењето начелни ставови и начелни правни мислења е законско овластување на Општата седница на Врховниот суд во рамките на неговата надлежност утврдена со членот 101 од Уставот на Република Северна Македонија и член 37 став1 од Законот за судовите, за да се обезбеди единство во примената на законите од страна на судовите.

Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, најде дека во конкретниот случај не постои различна судска пракса од различни судови и го усвои горниот заклучок.

Општа седница
Врховен суд на
Република Северна Македонија